Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. весник на РМ” бр.5/02), а во врска со член 22 точка 4 од Законот за Локална самоуправа („Сл. весник на РМ”5/2002) член 82 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл. гласник на Општина Кавадарци” бр.08/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 21-та седница одржана на ден 22.12.2022 година, донесе,

# П Р О Г Р А М А

## за изградба реконструкција и одржување на локалните патишта во Општина Кавадарци за 2023година

**Вовед**

Со Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта во општина Кавадарци за 2023 година опфатено е тековното одржување на локалните улици и патишта, крпење на ударни дупки и одржување на улици во зимски услови , со што значително ќе се подобри состојбата и квалитетот на сообраќајниците, а со тоа и безбедноста на корисниците на сообраќајот.

Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта во Општина Кавадарци за 2023 година, содржи:

## ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА

1. Зимско одржување
   Вкупна вредност 3.000.000 ден.
2. Крпење на ударни дупки
   Вкупна вредност 3.000.000 ден.
3. Одржување на локални
   Патишта 1.000.000 ден.

**Вкупно: 7.000.000 ден**

**Финансирање**

Оваа Програма ќе се финансира од приходи од Јавното претпријатие за државни патишта, од кое секоја година добиваме 7.000.000 денари.

1. Средства доделени од ЈПДП со намена за изградба, реконструкција на локални патишта и улици
   - крпење на ударни дупки 3.000.000 ден. 42,86 %

2. Средства доделени од ЈПДП за одржување и заштита на лок.патишта и улици4.000.000 ден. 57,14 %

Со средствата доделени од ЈПДП за одржување на градските улици и заштита локални патишта на подрачјето на Општина Кавадарци како и за изградба на нови улици во висина од 7.000.000 денари или 100 % од вкупно доделените средства се финансира тековното одржување.

Динамиката на извршување и реализацијата на работите ќе зависи од приливот на средствата и

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општина Кавадарци и Секторот за уредување и располагање со градежно земјиште.

Програмата влегува во сила ( 8 ) осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08- 7742/14**
**22.12.2022 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**